# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Комисија за хартии од вредност
на
Република Северна Македонија

СЕПТЕМВРИ 2019

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KOMISIONI I LETRAVE ME VLERË
I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SECURITIES AND EXCHANGE COMMISSION
OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Сертификат за општествена одговорност

Certifikatē për përgjegjësi shoqërore

IASS- RES.C: 2020-2022

WWW.SEC.GOV.MK

# КХВ ГО ОДБЕЛЕЖА СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЧИСТЕЊЕТО НА ЖИВОТНАТА ОКОЛИНА (WORLD CLEANUP DAY)



Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија го одбележа 21-ви Септември - Светскиот ден на чистењето на животната околина (World Cleanup Day). World Cleanup Day е едно од најголемите граѓански движења на нашето време, кое обединува околу 180 земји ширум светот за почиста планета.

На 21-ви септември 2019 вработените од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија им се придружија на над 20 милиони луѓе низ целиот свет од 180 земји кои се собраа здружени позади една единствена цел - да ја ослободат планетата Земја од лошо управуваниот отпад од улиците, реките, шумите, плажите, планините... На тој начин можеше да се види на дело моќта на секојдневниот човек (од сите нивоа на општеството) да постигне неверојатна работа кога ќе се сплоти и застане зад иста цел.

Оваа иницијатива започна пред десет години во Естонија. Во 2008 година, во еден ден 50.000 жители на Естонија се обединија да ја исчистат нивната земја за само пет часа. На таков начин се роди глобалното граѓанско движење низ целиот свет.

На 21-ви септември оваа година, со активното вклучување на своите вработени во активностите за чистење на граѓанското движење „Let's Do It World! ", Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со личен пример и овој пат ги поттикна и охрабри останатите граѓани, општини, компании и институции во нашата земја да го исчистат својот простор и својата околина од лошо управуваниот отпад. Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија го лоцираше и го чистеше локалниот отпад на просторот каде се наоѓа самата институција во општината Центар и на тој начин покажа дека секој граѓанин е подеднакво должен да го штити, чува и унапредува природниот екосистем.